РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08 - 39/7

14.07.2026 год.-vit

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 65 седница одржана на 19.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Туризам и угостителство ", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за Туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип

1. Се акредитира студиската програма „Туризам и угостителство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по Туризам и угостителство /во меѓународен промет академски назив: Ph.D. in Tourisam and Hospitality).

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно поле : 5.02 Економија и бизнис; Научно, стручна или уметничка област: 5.02.00.08 Туризам и угостителство.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Татијана Бошков, проф. д-р Тања Ангелкова Петкова, проф.д-р Мимоза Серафимова, проф. д-р Дејан Методијески, проф. д-р Елизабета Митрева, проф. д-р Билјана Петревска, проф. д-р Никола Димитров, проф. д-р Марија Магдинчева Шопова.
5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 09-1514/10 од 30.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Туризам и угостителство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за Туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0809-107/1 од 14.01.2026 година (наш бр. 08 - 39/1 од 15.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 16.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 39/6 од 23.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков